Врз основа на член 56 став 1 точка 14 а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Сл. весник на РМ" бр.25/2000, 90/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007 и 36/2007), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25.07.2007 година, утврди пречистен текст на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ И ПАСТА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА („Сл. весник на РМ" бр. 61/2006 и 41/2007) (пречистен текст)

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтните цени за системите за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, изработени од стандарден материјал, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст: Фондот), според Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедските и други помагала "Службен весник на РМ" бр.111/00, 4/2001, 56/2001, 71/2001 41/2003, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006, 62/2007 и 86/2007 (во понатамошниот текст: Правилник за ортопедски помагала.)

Член 2

Како референтни цени за системите за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, изработени од стандарден материјал согласно член 27 од Правилникот за ортопедски помагала се утврдуваат:

Реден број	Назив на помагалото	Единечна цена
1	Едноделен систем за колостома - самолеплива кеса	45,50
2	Едноделен педијатриски систем за колостома – самолеплива кеса	96,00
3	Едноделен систем за илеостома самолеплива кеса	131,50
4	Кеси за дводелен систем за колостома без филтер	42,50
5	Кеси за дводелен систем за колостома со активен филтер	50,50
6	Кеси за дводелен систем за илеостома	57,50
7	Кеси за дводелен систем за уростома	76,00
8	Плочки за дводелен систем	121,00
9	Паста за стома 60 гр. (алкохол)	383,00
10	Паста за стома 30 гр.	239,00

Член 3

Референтните цени од член 2 во оваа одлука се утврдени според најповолните (најниски) цени на системите за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, добиени по последниот спроведен отворен повик на Фондот бр.02-5039/2 од 2003 година.

Референтните цени утврдени според член 2 од оваа Одлука се максимални цени кои Фондот ќе ги надоместува за издадени системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, на правните лица кои истите ги набавуваат и кои со Фондот имаат склучено договор за издавање на ортопедски помагала.

Фондот ќе склучи договор со правното лице од став 2 на овој член ако понудените ортопедски помагала се регистрирани согласно Законот за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала („Сл. весник на РМ" бр. 21/1998).

Член 4

Доколку осигуреното лице сака да добие системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, од повисок стандард, односно по цена повисока од цената утврдена во член 2 од оваа Одлука, разликата во цената паѓа на товар на осигуреното лице.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Управен одбор
Претседател,
Аљбон Џемаили, с.р.